# РИСТО ТОДОРОВ



ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
С 821.163.3-2
ТОДОРОВ Р.
Опстанок
100055232
COBISS ©

# ОПСТАНОК

К-II-11389
821.163.3-2
инв. бр. 21953
стр. 80 ден. 200,00
100055232

РИСТО ТОДОРОВ

# ОПСТАНОК

Скопје, 2004

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-2
821.163.3-2.09 Тодоров, Р.

ТОДОРОВ, Ристо
Опстанок: драма / Ристо Тодоров. - Скопје: Трибина македонска, 2003. – 80 стр. ; 21 см. – (Библиотека Македонска драма)

Наместо поговор / Тодор Мицов: стр. 76-78

ISBN 9989-623-53-X

COBISS. MK-ID 54244618

*За ова издание се плаќа повластена даночна стапка од 5%.*

**РИСТО ТОДОРОВ**

# ОПСТАНОК

(драма)

„ОПСТАНОК“ / драма

Автор: **Ристо Тодоров**

Издавач: **Друштво за новинарство, издаваштво и графика „Трибина македонска“- Скопје**
**Адреса: „Ф. Достоевски “ 8б, тел/ факс: 02/ 2048696**
**e-mail: tribina@on.net.mk**

**Библиотека: Македонска драма**

Директор и главен и одговорен уредник:
**м-р Тодор Мицов**

Рецензенти: **Стојче Балкански и Тодор Мицов**

Лектура и коректура: **Билјана Мицова**

Ликовно обликување на корица: **Димитар Филев**

Компјутерска подготовка:

Печати: Печатница *КИ-АЛ* - Струмица

Тираж: **600 примероци**

*На бранителите на Македонија - 2001*

**ЛИЦА:**
Кирил
Рамчо
Селим
Продавачот
Терористот
Оџата
Новинарката
Полицаецот

## ЕДИНСТВЕНА СЦЕНА

Дејствието се случува на една улица во Бит – пазар во Скопје. Поточно, пред еден дуќан за чевли пред кој има стол. Фирмата на дуќанот е „Македонија“. Од левата и десната страна на улицата има ред дрвја. Под едно дрво од десната страна на улицата се наоѓа една војничка капа. На сцената е Селим, малку поднаведнат, стоејќи пред излогот на дуќанот за чевли. Облечен е во албанска народна носија.

Продавачот излегува од дуќанот, го бриши стаклото на излогот и си свирка.

ПРОДАВАЧОТ
(Кон Селима сериозно) Што си се наведнал?

СЕЛИМ
(Сериозно) Гледам, бе!

ПРОДАВАЧОТ
(Погласно) Гледаш!? Не гледаш, туку зјапаш како теле во шарена врата. Ајде, ајде фаќај магла!

СЕЛИМ
(Погласно) Зошто бе?

ПРОДАВАЧОТ
Да не сакаш да крадеш?

СЕЛИМ
Не!

ПРОДАВАЧОТ
Тогаш што зјапаш?

СЕЛИМ
Не зјапам, гледам. Купувач сум бе, купувач!

ПРОДАВАЧОТ
(Со изненадување) Ти купувач?

СЕЛИМ
Да!

ПРОДАВАЧОТ
(Налутено) А – ха купувач, а? Мислиш не ги знам ваквите како тебе!? Ајде - ајде, магла оттука! Оди зјапај пред некој

друг излог! Не ми го полни утрово со гнев човеку! (Го турка.) Ајде да те нема!

СЕЛИМ

(Налутено) Не туркај бе! Немам право да гледам?

ПРОДАВАЧОТ

Имаш, ама пари немаш!

СЕЛИМ

Имам повеќе од тебе. Имам, имам. Ти си бе ... Сиромав си бе ти за мене!

ПРОДАВАЧОТ

Навистина?

СЕЛИМ

Да! Сум дошол бе да купам дуќан во чаршија. Како твојот!

ПРОДАВАЧОТ

(Со изненадување) Како мојот? Во чаршијава?

СЕЛИМ

Да!

ПРОДАВАЧОТ

Да не си наумил мојот да го купиш?

СЕЛИМ

Што да не? Ако продаваш ... ќе купам.

ПРОДАВАЧОТ

Тебе ли? Тебе не би ти продал ни чевел! Хм! Дуќан ќе купувал!

СЕЛИМ
Ами ако ти затребаат пари?

ПРОДАВАЧОТ
Мене?

СЕЛИМ
Тебе, тебе!

ПРОДАВАЧОТ
Никогаш! Слушај!..

СЕЛИМ
Да!

ПРОДАВАЧОТ
(Сериозно и налутено) Човеку, ај терај си го патот. Не сеќаваш оти баздиш? Од потсвеста баздиш човеку, од потсвеста!

СЕЛИМ
И ти мене баздиш, ама...

ПРОДАВАЧОТ
(Налутено го поттурнува.) А бе,. ај магла оттука! Разбираш македонски?

СЕЛИМ
Не бе! Што ќе ми македонски? Јас имам албански.

ПРОДАВАЧОТ
(Низ заби налутено) Ама реков јас ми баздиш од потсвеста!

СЕЛИМ

(Се смее.) А – ха, ха, ха, а – ха, ха, ха... И ти мене баздиш, ама... Иде... иде и ќе биде! Еден ден ќе купам дуќанот јас!

ПРОДАВАЧОТ

А – ха, ќе го купиш дуќанот, а? Ама реков дека баздиш! Не само ти, туку и сличните на тебе. Го знам букварот од којшто учите човеку, го знам! Само не е тука Дебар... или Гостивар или Тетово...

СЕЛИМ

Иде, иде и ќе биде! Еден ден ќе купам дуќанот јас!

ПРОДАВАЧОТ

Ќе купиш, ќе купиш. Само ти сонувај. Скопје е ова човеку, Скопје!

СЕЛИМ

Познаваш Митре од Чаир? Продаде и куќа и дуќанот! Познаваш Станко од Нерези? Продаде и куќа и плацот и дуќанот! Ќе купам дуќанот јас, ќе купам!

ПРОДАВАЧОТ

Ќе купиш, ќе купиш, ама нема да купиш! Не сум јас Митре од Чаир или како го рече оној Станко од Нерези. Богдан, Богдан сум јас човеку!.. Од Господа создаден да си ја чува дедовштината и лозата и опстанокот. Ми дал Бог и син и внуче... да ми се живи и здрави... ним ќе им оставам сè!

СЕЛИМ

(Сериозно) И мене мој Алах дал! Десет синови, четириесет внучиња, седумдесет правнучиња... Ќе заобиколат албански куќи, албански дуќани и... сакал – нејќел, ќе продаваш дуќанот! Ќе купам дуќанот јас... Имам пари... (Се смее.) А – ха, ха, ха...

ПРОДАВАЧОТ

(Налутено) Никогаш, никогаш безумнику! Ќе се борам и опстанам на оваа место додека сум жив!

СЕЛИМ

(Сериозно) А јас пак... чекал... чекал... и ќе купам и куќата и дуќанот! И ќе истерам тебе оттука! Иде, иде и ќе биде!

ПРОДАВАЧОТ

Марш оттука! (Го турка од себе. Во тој миг од џебот на Селима, веднаш до коренот од едно дрво, паѓа една мала тенка книшка. Тоа и двајцата не го забележуваат.)

СЕЛИМ

(Налутено) Што туркаш бе, што туркаш!

ПРОДАВАЧОТ

Магла, магла оттука! Ми здосади да те гледам секој ден пред излогот.

СЕЛИМ

(Се смее.) А – ха, ха, ха... Продај!.. И ни ти мене повеќе гледал, ни јас тебе, гледал!

ПРОДАВАЧОТ

Никогаш! (Го потturнува.) Ај сиктер оттука, да не ми те гледаат очиве!

СЕЛИМ

Иде, иде и ќе биде! Ако денес не продаваш, утре без пари ќе даваш!

ПРОДАВАЧОТ

(Го турка повторно.) Бегај, бегај оттука оти...

СЕЛИМ

Не туркај бе! Мислиш плашам?! Еј; Селим ништо не плаши! Ти плашиш утре Селим и даш дуќанот без пари! (Се смее.) А – ха, ха, ха... (Селим се повлекува назад од кајшто дошол и не се гледа на сцената. Продавачот влегува во дуќанот кревајќи раце. Од десната страна на дуќанот доаѓаат Кирил и Рамчо. Тие не го здогледуваат Селим. Кирил ја здогледува војничката капа под дрвото од десната страна на улицата и му се обраќа на Рамчо.)

КИРИЛ

(Со поглед кон капата) Рамче?

РАМЧО

Да!

КИРИЛ

Гледаш нешто?

РАМЧО

Каде?

КИРИЛ

Кај дрвото.

РАМЧО

(Со поглед кон дрвото) Кај дрвото?

КИРИЛ

Да.

РАМЧО

Гледам нешто но... што ли би можело да биде?

КИРИЛ

Капа, ми се чини.

РАМЧО

Да, капа е. (Обајцата одат кон капата. Рамчо ја зема капата в раце.) Што глава те носела, мори капо? Од што глава си паднала?

КИРИЛ

Гледаш?

РАМЧО

Што?

КИРИЛ

Формата... А бојата?

РАМЧО

Не разбирам!

КИРИЛ

Војничка капа Рамчо... Од маскирано платно...

РАМЧО

(Превртувајќи ја капата) И двоглав орел... и... читаш, читаш?..

КИРИЛ

(Чита.) У – Ч – К, О – Н – А (Се погледнуваат.) Терористи Рамчо, терористи! На големо е посеано косовското семе! Боже, зар пак рани... пак крвописи!

РАМЧО

Не се вознемирувај, Кириле! Многу видовме – многу минавме... и ова ќе пројде! Имавме еднаш и балисти и фашисти... и в сандак ги ставивме. Ако затреба и овие ќе ги раскостиме!

КИРИЛ

Тоа е... тоа: пак здивиле повампирените големоалбански бубачки!

РАМЧО
(Ја мириса капата.) А – ха, ха, ха! Значи виски?!

КИРИЛ
Што тоа?

РАМЧО
Капава... заудира на виски!

КИРИЛ
На виски?

РАМЧО
Да, да, помирисај!

КИРИЛ
(Намирисува.) Да, вистина.

РАМЧО
Веројатно ја изгубил некој пијан терорист од Косово.

КИРИЛ
Мислиш?

РАМЧО
Тврдам! За Сталина – беа на вотка... За Клинтона се на виски!

КИРИЛ
Да, да, те разбирам, те разбирам! Прво за Хитлера, потем од Сталина... и ете сега од Америка бара подршка големоалбанскиот театар на апсурдот.

ТЕРОРИСТОТ
(Во видливо пијан од и пеејќи големоалбанска песна.)

Oj, шоте, шоте, шоте машала,
Кога ќе те видам Македонијо
Во големо Косово.
Oj, шоте, шоте, шоте машала,
Кога ќе те видам Македонијо
Во голема Албанија.

(Обгледувајќи околу едно од дрвјата,) Да ти ебам капа, да ти ебам! Каде испари моја капа!? (Пее.)

Oj, шоте, шоте, шоте машала,

(Погледнувајќи кон Рамчо и Кирил ја здогледува капата. Налутено.)

Зошто си бе зел моја капа?!

РАМЧО

(Држејќи ја капата в раце и смирено.) Мислите ли на оваа капа, господине?!

ТЕРОРИСТОТ

(Грубо зграбувајќи ја капата) Ваму моја капа! Ти не смеел земиш моја капа!

РАМЧО

Господине, вакво парче маскирано платно што мириса на виски и смрт никогаш не би сакал да држам в рака.

ТЕРОРИСТОТ

(Ја удира капата од коленото, ја става на главата и деконцентрирано му командува на Рамче.) Мирно!

РАМЧО

(зачудено) Молам?

ТЕРОРИСТОТ

(Погласно и налутено) Мирно!



21953

РАМЧО

(Сериозно) Слушај човеку: дека си пијан – гледам! Но дека се обидуваш да ми командуваш, не ми се допаѓа!

ТЕРОРИСТОТ

(Со несигурно движење на телото) Мирно! Кога јас дадел команда, ти морал мирно застанеш! Мирно!

РАМЧО

Кој си бре ти мене да ми командуваш, пијанчиште тапоглаво!

ТЕРОРИСТОТ

Јас капетан Ахмети од Косово. Разбрал?

РАМЧО

Разбрав песу крвожеден! Те преколнувам... земи си го патот под нозете зашто...

ТЕРОРИСТОТ

Ти чинам мене не разбрал! Кога јас командувал ти морал мирно стоел!

РАМЧО

(Гневно и подбивно) Ако ти уште еднаш „Мене командувал, јас морал тебе убаво истепал!"

ТЕРОРИСТОТ

Дали јас тебе убаво чуло? Ти мене убаво истепал? Ти? Рисјан тепало Албанец?

РАМЧО

Убаво чу, убаво! Подбиди ме уште малку па...

ТЕРОРИСТОТ

И? Ти мене убаво истепал? Рисјан тепало Албанец?! (Се смее.) Ха – ха – ха...

РАМЧО

Не Рисјан, туку Турчин тепал Албанец! Но не честит Албанец, ами испоганет големоалбански Косовар!

ТЕРОРИСТОТ

Ти, Турчин?

РАМЧО

Да.

ТЕРОРИСТОТ

Ние браќа! (Кон Кирил) и ти Турчин?

КИРИЛ

Не. Македонец!

ТЕРОРИСТОТ

А – ха, ти Словен, а?

РАМЧО

Не Словен, туку Македонец! И јас и тој, и нашите Албанци сите сме Македонци! Само што вам Косоварите не ви чинии, зашто сте безумни воини на големоалбанскиот геополитички апсурд.

ТЕРОРИСТОТ

Ти предавник! Ти бранело Словени. Ти предало ислам на рисјани!

РАМЧО

(Налутено и подбивно) „Јас не предало ислам на рисјани", туку јас си ја бранам татковината. И тоа токму од челуста на ваквите како тебе!

ТЕРОРИСТОТ

Јас вас двајца потсетил на балисти и фашисти!..

РАМЧО

(Налутено) А јас пак ќе те потсетам на нивната судбина! И уште на демократските слободи и права што владеат во Македонија!

ТЕРОРИСТОТ

(Подбивно) Демократско слободи и права?

РАМЧО

Да, да, токму така!

ТЕРОРИСТОТ

(Се смее.) А – ха, ха, ха... Слушај Турчин... и ти Словен... тука ќе да команди Врховна команда од Тирана и Приштина! Вие морале еден ден пееле химна на двоглав орел! Оти Европа држи наша идеја и лоби!

РАМЧО

(Кон Кирил) Брате Кириле, овие ептен полуделе!

КИРИЛ

(Загрижено) Црно му се пишува на Балканот, Рамчо. Особено ако забразди подлабоко ваквата опција!

РАМЧЕ

Не ми се верува дека ќе успеат да ги излудат и нашите Албанци! Макарпто и тука, последниве години, воздухот не мириса на рози.

ТЕРОРИСТОТ

Ваши Албанци? Нема ваши Албанци. Албанци сите едно и едно албанско држава! Макар ако требало, воздухот нека мирисало на пламен...

РАМЧО

И што потоа празноглавецу? Кому му донело војната радост?

ТЕРОРИСТОТ

На црното орел и целото албанско сосе Косово, Македонско и Грчко.

РАМЧО

О господе, од лудост полудост. Луѓе бре, зарем не им беа доста војни и мртовци на овие простори?!

КИРИЛ

Мислиш ли ти човеку дека смртта не ќе пречекори и преку прагот од твојот дом? Или не ќе проголта некого од твоите најмили?

ТЕРОРИСТОТ

Па што? Јас кажувам: Сè за големо Албанско! Ние мораме создале своја голема држава и ослободиле свој албански народ од Македонско и Грчко!

КИРИЛ

А што, впрочем, му недостига на Албанецот во Македонија?

ТЕРОРИСТОТ

Слобода! Ние кажуваме – мора сите Албанци во едно Албанско.

РАМЧО

(Чекор напред и низ гнев) А ние, пак, порачуваме: подалеку вашите крвави косовски раце од оваа питома земја!

ТЕРОРИСТОТ

Во оваа земја моја народ роб! И тебе роб и на Словен роб!

РАМЧО

Во оваа земја твојот народ има толку слободи и права колку што ниеден Албанец во Албанија ги нема! Вас човеку лудилото ве турка кон бездните во чии пламења, можеби, ќе пеплоса целиот Балкан. Зар ништо не ве поучи косовската криза, та и тука сакате да пламне огнот на свирепата војна?!

ТЕРОРИСТОТ

Не бе! Кажуваме ние: Морале да ослободиме свој народ!

РАМЧО

Каде бре во светот едно малцинство има толку многу слободи и права какви што имаат Албанците во Македонија? И ние сме малцинство во соседните земји и тоа со многу постари корени од вас во овие краишта, ама го немаме тоа! Задоволни сме и со тоа што го имаме: училишта... и сè она што се подразбира под слободи и права.

ТЕРОРИСТОТ

Не! Мој народ не слободен! Мој народ слободен само во едно големо албанско држава!

КИРИЛ

Сè е јасно, Рамчо, ови решиле да го запалат Балканот!

ТЕРОРИСТОТ

Запалиме, ама мора правиме големо албанско држава.

РАМЧО

Брате Кириле, што може да се очекува подруго од вакви кусогледци кои останале далеку од цивилизациските современи случувања. Небаре сè уште му робуваат на дивјаштвото!

ТЕРОРИСТОТ

Ти мене навредил Турчин! Ти мене лутиш, нели?! Ти мене дивјак, нели!? (Вади пиштол и го вперува во Рамчо.) Јас не цивилизација, а? Јас дивјак, а? (цевката од пиштолот му ги допира градите на Рамче.) Косовар, не дивјак! Косовар дошол и пробудил за слобода свои албански брат. Вие Турци... Роми... и Словени мора иселите од Дебар, Гостивар, Струга, Тетово, Ресен, Охрид...

КИРИЛ

Господе овие полуделе!.. Каде ли ќе не одведе оваа лудило?

ТЕРОРИСТОТ

(Вперувајќи го пиштолот во градите на Кирил) Вас фатило лудило Словен! И вас, и Турци и Роми и Срби и Власи... Сите вас фатило лудило! Вие морале иселите и Скопје, и Битола, и Прилеп и Велес... Ако не- црното двоглаво орел јадел ваши мрша и пиел ваши очи и крв.

КИРИЛ

Кој бре кутар човеку ќе ти дозволи ова лудило да стане вистина?

ТЕРОРИСТОТ

Словен! (Поттурнувајќи го со цевката од пиштолот) Словен, ти не кажувал мене лудило! Не кажувал оти оставил јас тебе мртво тука!

КИРИЛ

(Гневно отстранувајќи ја цевката од пиштолот) Што си се размавтал бре со тој пиштол?! Прибери си го дури не сум збеснал зашто... (Поаѓа кон терористот.)

РАМЧО

(Секавично застанува меѓу двајцата) Не, брате Кириле! Зар ќе прифатиме налудничави провокации? Како што здивиле овие бргу - бргу ќе ја доживеат судбината на балистите!

ТЕРОРИСТОТ

А – ха! Уште вие плашите балистите, нели? Уште вие убаво помниле Џемо и Мефаил, нели? Е, Турчин, Џемо и Мефаил ништо не правиле! Видите вие што ние правиме! Европа со нас Турчин... Европа со нас! Ние кажале големо Албанско, а оние кажале може!Видите вие што направила Европа кога ние почнале борба? Ние пукале... ние палеле.. ние колеле... вие забрана имале! Виделе вие, виделе!

РАМЧО

(Гневно и поаѓајќи кон него) Ај сиктер бе дивјаку безумен! Доста ми е веќе од тебе, и од твојата голема Албанија! Сега јас ќе ти покажам што “вие правеле – што Европа кажала“.

ТЕРОРИСТОТ

(Набрзина отстапувајќи и испукувајќи двапати крај нозете на Рамчо и Кирил) Стој! Стој мирно, кажал јас! (Пука уште двапати.) Стој!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Пукајќи во воздухот одзад грбот на терористот. Остро.) Стој! Фрли го пиштолот и рацете горе! Веднаш фрли го пиштолот зашто пукам!

ТЕРОРИСТОТ

(Фрлајќи го пиштолот и со кренати раце) Не пукај бе, фрлил сум пиштолот!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Остро) Молк!

ТЕРОРИСТОТ

Ти не гледало бе, фрлил сум пиштолот!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Сè уште со строг глас) Молк! (Го зема пиштолот од земјата и му става лисици.)

ТЕРОРИСТОТ

Арнию кажувал јас, тука мој народ немало слобода!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Кој е бре тој твој народ што нема слобода?

ТЕРОРИСТОТ

Јас кажувам, мој народ тука немало слобода!

РАМЧО

Косовец, господине полицаец! Дошол ваму да го организира нашето албанско население за некаква борба за слобода.

КИРИЛ

Што ли сè не ни изнакажа тука. Те Џемо и Мефаил ништо не сториле во споредба со она што тие ќе сторат!.. Те црниот двоглав орел ќе ни ги клукал мршите, очите и крвта!.. Те сите Албанци морале да живеат во една голема албанска држава...Те и Европа го поддржувала тој нивни налудничав сон...

РАМЧО

Среќа што дојдовте токму на време, зашто лудиов пијаница можеше да нè убие!

ТЕРОРИСТОТ

Ти пак мене навредил Турчин! Ама јас помнил многу кој мене навредило! Јас не пијаница! Јас револуционер!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Молк (Поттурнувајќи го) Поаѓај! Поаѓај напред! Те водам во полициската станица!

ТЕРОРИСТОТ

Ама јас кажувал, тука мојот народ немало слобода!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Грубо туркајќи го) Тука твојот народ има толку слободи и права колку што нема никаде на светот! А ако ти под слободи и права подразбираш и загрозување животот на граѓаните, е тоа тука навистина го нема! Каубои играјте си во Косово, тука не! Ајде, ајде побргу!

ТЕРОРИСТОТ

Јас не каубој бре полицај! Јас револуционер!

ПОЛИЦАЕЦОТ

А – ха, а- ха, ти револуционер! Туку побрзај малку додека јас не сум станал револуционер. А тогаш не ќе ти помогне ни двоглавиот орел, ни голема Албанија!

ТЕРОРИСТОТ

Џабе ти мене водило во полиција, полицаец. Утре дојдело илјада Косовари на мое место и наши браќа тука сите заминат планините. Ти мене сега затворило, нели?..

ПОЛИЦАЕЦОТ

Не јас, судот!

ТЕРОРИСТОТ

Е, ти мене затворило, ама Европа давало наредба и ти мене морало пуштило! Европа таксало, еј полицаец – сите Албанци во едно големо албанско...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Мрдни, да не те размрдам јас оти пред време ќе остане тоа твое "големо албанско" без еден револуционер! (Обајцата заминуваат од сцената.)

РАМЧО

(Насамо со Кирила) Што се зауми брате Кириле? Од овега... будалиов?!

КИРИЛ

(Отсутно) Кој знае колку време крчкало отровново јадење... и дури сега ни го подаваат да сркаме!

РАМЧО

Што зборуваш Кириле? Јас пак... чинев од будалиов се зауми!

КИРИЛ

Да, Рамче, да! Будалиов, како што велиш ти, можеби е само една веројатно и сосем безначајна `рѓосана алка од смртоносниот синџир исфабрикуван во леарниците на Косово или Албанија. Но дури и таа безначајна `рѓосана алка ѕвечка со звук што потсекава на стотици некролози. Ако е со неа така, што би можел да донесе синџирот?

РАМЧЕ

(Изненадено) А бе што зборуваш ти? Какви алки, какви синџири? Те зеде уплав? Од будалана? Зар не разбра оти на цело забегал? А и да е така, како што тој вели... заборави што им се случи на балистите? И ним ќе им се случи истото!

КИРИЛ

(Низ загрижувачки тон) Да, да Рамчо се секавам! Но... но она што сега ни се случува ова побратиме мој, има сосем поинаква тежина. Ова со години се подготвувало! И тука не се работи само за локални екстремисти, туку за комбинирано

содејство на голсмоалбанското лудило од Косово, Албанија и насекаде кајшто има албанско население!

РАМЧО

Тогаш... не забегале, туку нацело полуделе! Не ми се верува... во 21 век да се повампират средновековните халуцинации! Тоа никако нема да го дозволи Европа!

КИРИЛ

Колку подлабоко размислувам, толку повеќе логиката на нештата ми говори дека пијаниот терорист ни изнакажа дури и не сакајќи множество истрезнети вистини!

РАМЧО

Мислиш Европа ќе дозволи ваков авантуризам?

КИРИЛ

Токму тоа најмногу ме плаши Рамчо. Зар Косоварите не го пренесоа убиствениот оган во Тетовско, Кумановско и Скопско?

РАМЧО

Го пренесоа, ама не ги сопревме!?

КИРИЛ

Можевме да ги сопреме!

РАМЧО

Не те разбирам!

КИРИЛ

Реков: можевме да ги сопреме! Меѓутоа, токму кога требаше да се случи тоа и да ја одбраниме татковината, се случи тоа што се случи!

РАМЧО

Што се случи?

КИРИЛ

Европа застана со нив! Тие пукаа и убиваа... нашите не смееа да фрлат ниту зрно!

РАМЧО

Така беше, но...

КИРИЛ

(Го прекинува.) Се случи Арачиново? Се случи! Се случи Рамковниот договор? Се случи!

РАМЧО

Да, но...

КИРИЛ

(Прекинувајќи го) Нели со неговото потпишување требаше да престанат сите терористички активности? Престанаа?

РАМЧО

Не! Се пука... сè уште се пука. Само што медиумите јавуваат дека се работи за пресметка меѓу криминални банди од албанското подземје!

КИРИЛ

Хм! И тоа е европски диктат.

РАМЧО

Мислиш?

КИРИЛ

Тврдам! Со вакви соопштенија излегуваат исклучиво западните дипломати!

РАМЧО

Значи Европа е...

КИРИЛ

(Влегувајќи му во зборот) Потпомагач на големоалбанското лудило! И тоа сосем очебијно! Проѕирна е божемната мировна мисија на европските сили во Македонија побратиме Рамчо!.. Нацело проѕирна и демаскирана!

РАМЧО

А Рамковниот договор?

КИРИЛ

Ништо друго освен скалило кон федерализација на државава! Те молам наброј две држави во светот кајшто се има склучено ваков политички документ!

РАМЧО

Значи, пак дволичната Европа!

КИРИЛ

Ќе речам – бессрамната Европа! Зашто дури и најголемото дволичие понекогаш црвенее од срам! Зошто ли? На една страна присилно раселени Македонци, Срби, Роми, и Турци од албанските терористи, а на друга страна Рамковниот договор за правата на Албанците! Кој, во случајов, е обесправен? Или да се прашаме: каде во светот малцинствата имаат вакви права како што е нашиот случај? Во Америка? Во Франција или во Шпанија? Нека ми набројат, да речеме Шпанците само две средни училишта, во кое некое малцинство се школува на свој мајчин јазик! За факултетите и да не говореме!

РАМЧО

Така е брате Кириле... така е, ама... нели мала држава, а уште и сиромашна...

КИРИЛ

(Го прекинува.) Мора да бидеме послушни! Да, да, тоа е нашата трагедија. Впрочем, Македонија никогаш ја немала среќата да остане барем за миг заборавена во жестокото око на трагедиите! Како што почнало... чинам оти ни претстои најголемата трагедија!

КИРИЛ

Секако... тоа секако Рамчо! Како што почнало.. лудилото ќе биде погубно за сите: и за Македонци, и за Турци, и за Срби, и за Власи и Роми...

РАМЧО

Но и нив нема да ги одмине смртната челуст! Во случај да стане војна... и нивните прагови ќе ги покрие црнина. Војната не простува никому! Барем ние тоа го знаеме од втората војна.

КИРИЛ

Да! Само што, заради нечие лудило ќе настрадаат и илјадници невини!

РАМЧО

Ме чуди како можеше да полудат и нашиве! Никогаш не ни се имаа случено вакви темничишта!

КИРИЛ

Косоварите Рамчо, Косоварите го пренесоа огнот!

РАМЧО

Се согласувам! Тие што се втурнаа низ планиниве најголемиот број се доселеници од Косово! Ги има и од нашите македонски Албанци, ама повеќе се држат настрана.

КИРИЛ

(Додека од зад аголот се слуша песна: "Ој шоте, шоте...") Хм! Ете уште некој од оние.. Да си одиме! Не можам да издржам уште една препирка (Поаѓа низ улицата).

РАМЧО

(Поаѓајќи по него и за миг свртувајќи се назад изненадено) Брате Кириле!.. Брате Кириле!.. Па тоа е Селим! Нашиот Селим! Веројатно пак се начукал.

КИРИЛ

(И самиот свртувајќи се, се насмевнува од глетката.)
Да, тој е! Нашиот Селим Џафери!

СЕЛИМ

(Несигурно чекорејќи и пеејќи)

Ој, шоте, шоте, шоте машала,

Кога Охрид ќе ми биде

во голема Албанија...

-

РАМЧО

(Изненаден кон Кирил) Чу? Чу брате Кириле?!

КИРИЛ

(Губејќи ја за миг насмевката од лицето) Чув Рамчо, чув! Нашиот Селим е, ама...

РАМЧО

(Прекинувајќи го) Ама туѓа песна пее! Истата што ја пееше и терористот!

КИРИЛ

Наш е Селим, наш е Рамчо! Зар се посомнева во побратимот со кого одраснавме заедно? Испил некоја повеќе и...

РАМЧО

А бре човеку, не слушаш што песна пее?

КИРИЛ

Слушам де, слушам! Па што? Не си го знаеме Селима? А се начука – а три дни вампири шета! Тогаш, седно му е што песна пее.

РАМЧО

А бре човеку, а бре тоа е истата песна што пред малку ја пееше терористот!

КИРИЛ

(Подбивно) Селим – терорист!? Не ме засмевај пријателе! (Со сериозен прекорувачки тон) Никогаш не се сомневај во побратимот со кого четириесет години минуваме и добро и зло!

СЕЛИМ

(Со накривено бело капче застанува пред продавницата за чевли, со поглед шара по улицата, небаре бара нешто изгубено.) Нема... нема... и нема! Ама Селим сигурен оти тука изгубил книшка! (Поаѓа кон вратата од продавницата кон продавачот) Еј газда, ти нашол Селим книшка? Ти веднаш вратил Селим книшката!

ПРОДАВАЧОТ

(Нервозно) Пак ти, а? Пак ти пијанчиште ниедно! Магла, магла оттука дури не сум повикал полиција! (Грубо го поттурнува.)

СЕЛИМ

(Одново враќајќи се и со тетеравање) Ти Селим веднаш вратило книшка! Јас тука морало изгубил!

ПРОДАВАЧОТ

(Повторно туркајќи го) каква книшка бре песу испијанет?! Ваков каков што си нема да ме чуди ако и самиот се изгубиш!

СЕЛИМ

Не! Ти мене морало вратиш книшка!

ПРОДАВАЧОТ

(Заканувачки) Магла, магла дури не ми се стемнило пред очи зашто... (пак го турнува.)

СЕЛИМ

Не туркај бе! Врати книшка и Селим заминало!

ПРОДАВАЧОТ

О Господе, од кај ова стеница се закачи за мојов дуќан! А бре, зарем малку дуќани низ Бит-пазар та токму мојот ти се закачил за очите?!

СЕЛИМ

(Гневно) Врати бе Селим книшка! Врати оти може дуќанот да фати огин!

ПРОДАВАЧОТ

(Гневно) Што рече?! Мислиш да го запалиш дуќанот?! Слушај пијанчиште!... Ако тоа се случи жив ќе те одерам и кожата ќе ти ја фрлам да изгори сосе дуќанот! Разбра?

СЕЛИМ

Ќе случи, ќе случи! Тетово пукнало... и Куманово пукнало... и Арачиново пукнало... Селим тебе кажало: иде, иде и ќе биде! Ти чевлар даш Селим дуќанот без пари! Тука мора албанско станало!

РАМЧО

(За сето време со Кирила стојат понастрана проследувајќи го настанот.) Го чу? Чу ли што рече?!

КИРИЛ

(Со запрепастувачки израз на лицето) Значи и нашиот Селим...

РАМЧО

Ама реков јас... Песната што ја пееше е истата онаа на терористот!...

КИРИЛ

Значи и нему му го изеле умот отровните бубачки! Кој би рекол оти и нашиот Селим ќе дозволи да му го испијат умот?

РАМЧО

Какво ли зло уште нема да про`рти на овие простори!? Што ли, всушност, ги турка овие луѓе кон пламнатите бездни? Зарем така едноставно заборавија на минатото?.. На соседството... На заедничките веселби...

КИРИЛ

Сè беше добро додека не напливна големоалбанскиот синдром! А ако кон него ја додадеме подлоста на Европа... Сè станува јасно! Но ова со Селима... Е, ова никако не можам да го разберам! Та нели во четириесет и четвртата заедно се боревме против балистите?! Како може да заборави дека токму тие му го испотепаа сето семејство!

СЕЛИМ

(Во спротивниот дел од сцената) А бе ти даваш книшка или не?

ПРОДАВАЧОТ

(Туркајќи го) Магла бе од тука! Ќе викнам полиција, еј!

РАМЧО

Што книшка е тоа штом толку е упорен?

КИРИЛ

Штедна... Здравствена... веројатно ја изгубил некаде.

РАМЧО

(Шетајќи се со поглед низ околината) А – ха! Видов нешто! Е, онаму до коренот на она дрво! Можеби поради тоа го тормози кутриот продавач! (Земајќи ја и врајќајќи се кај Кирила) Еве!... Па, да видиме зошто му е толку значајна книшкава! (Отварајќи ја и со раззината уста подавајќи му ја на Кирила)

КИРИЛ

(Обгледувајќи ја книшката и самиот вџашен) Господи, зарем е можно дотаму да стасала работава?! (Двајцата замислени зјапаат кон Селим и продавачот.)

СЕЛИМ

А бе чевлар. Селим кажало тебе... слушаш како Тетово пукало?.. Гледаш телевизија како Арачиново куќи горело? Давај книшка Селим оти тебе мои браќа дуќанот гореле!

ПРОДАВАЧОТ

А бе, мавни се бе оттука! Их што зло ме зеде денеска! А бе од тебе цел ден муштерија не ми влегол во дуќанот! Ај бе сиктер оттука, неранимајко ниеден! (Го поттурнува грубо. Селим паѓа на земјата. Истиот миг наидуваат оџата придружуван од новинарката.)

ОЏАТА

(Подигајќи го Селима) Придржи се за мене синко! Ајде, ајде подигни се полека! (Кон новинарката) Еве ви најсвеж прімер за малтретирањето на албанскиот народ во Македонија, почитувана госпоѓице! (Новинарката ги фотографира: Селим на земјата, а оџата во припомош да го подигне.) Еве ви ја демократијата и правата што ги уживаат Албанците во Македонија! (Кон Селима) Чедо, зошто те турка продавачот?

СЕЛИМ

(Правејќи поклонение пред оџата) Селим сакало купи чевли... ама продавач сакало убие Селим!

ОЏАТА

Слушнавте госпоѓице! Еве ја вистината за божемната демократија со која се расфрлаат пред странските новинари Словените! Но, фактите се факти!

НОВИНАРКАТА

Момент! (Поаѓа кон продавачот покажувајќи му ја новинарската легитимација.) Простете...

ПРОДАВАЧОТ

(Љубезно) Да! Повелете, повелете, влезете! Со што би можел да ве услужам?

НОВИНАРКАТА

(Нељубезно) Ве молам... коментар за инцидентов?!

ПРОДАВАЧОТ

(Љубезно) Молам?

НОВИНАРКАТА

(Нељубезно) Пред малку видов го турнавте човеков? Зошто?

ПРОДАВАЧОТ

Да, да! Вие пред малку видовте како го турнав! А не видовте како со денови ме турка кон лудило! Те да му го продадам дуќанот... те ако не сум му го продал кога ќе создале голема Албанија ќе сум му го дал без пари... И што ли уште не!

СЕЛИМ

Лаже, лаже! Селим сакало купи чевли за деца, а продавачот сакало убие!

ПРОДАВАЧОТ

(Изненадено) Што? Си сакал да купиш чевли?

НОВИНАРКАТА

Како ќе го прокоментирате ова?

ПРОДАВАЧОТ

Како? Како една од мноштвото лаги со какви што ваквите како овој се служат пред новинарите!

НОВИНАРКАТА

Но човекот вели дека сакал да купи чевли?

ПРОДАВАЧОТ

Госпоѓице или госпоѓо... Вистината е она што пред малку ви го реков! Тука се случуваат нешта за кои светот не е ни оддалеку запознаен! Борбата за слобода и права се разгорува во воено жариште за големоалбанската држава! Тоа... Тоа е вистина!

СЕЛИМ

Лаже, лаже госпоѓице! Јас кажало... Селим само сакало купи чевли! Лаже продавач!

ПРОДАВАЧОТ

(Кон новинарката) Со денови ми досадува со барање да му го продадам дуќанот! А пред малку... пред малу бараше да му вратам некаква книшка!

ОЏАТА

(Ставајќи ја раката на устата на Селим) Госпоѓице... Селим штотуку ми рече дека продавачот му ја зел штедната книшка.

ПРОДАВАЧОТ

Каква штедна книшка бре сатано во верски алишта! Чунки токму од вас падна огнот на раздорот!

СЕЛИМ

Да, да, ти морало врати Селим штедна книшка!

ПРОДАВАЧОТ

(Поаѓајќи заканувачки кон него) каква штедна книшка бре пијанчиште ниедно!

ОЏАТА

Гледате ли, гледате ли госпоѓице, ете тоа е демократијата на Словените! Само закани и малтретирања! Да, да, му благодариме на Алах што и самите видовте што се случува во Македонија!

НОВИНАРКАТА

Но тогаш, тоа е случај за полицијата! (Кон продавачот) Господине вратете му ја штедната книшка на човеков!

ПРОДАВАЧОТ

(Изненадено) Ама каква штедна книшка госпоѓице!

ОЏАТА

Срамота! Што ли уште не ќе доживее чесното албанско население од вас Словените!

ПРОДАВАЧОТ

(Низ гнев) Истај ми се од очите проклет подбуцнувачу на раздорот! (Заканувачки поаѓајќи кон него) Тебе, тебе одамна ти е определено местото во пеколот!

ОЏАТА

Гледате ли, гледате ли госпоѓице!? Ми се заканува... навредува... Ете, ете тоа се демократијата и слободите што ги уживаме под ропството на Словените!..

СЕЛИМ

Книшката!.. Чевлар веднаш вратиш Селим книшката!

НОВИНАРКАТА

Господа... како што реков ова е случај за полицијата! (Обѕирнувајќи се) Да повикаме полиција!

РАМЧО

(Заедно со Кирил поаѓаат кон нив.) Да, да и ние мислиме дека ова е случај за полицијата!

НОВИНАРКАТА

(Збунето ги погледнува.) Со кого имам чест?

РАМЧО

Рамчо Бајрами, наставник по турски јазик, во пензија, а овој е Кирил Георгиевски, лекар специјалист – интернист, исто така во пензија! Простете... Со кого имаме чест?

НОВИНАРКАТА

Госпоѓица Монета Олбрајт од вашингтонски „Телеграф“!

КИРИЛ

Патем... Се согласуваме госпоѓице Олбрајт дека ова е навистина сериозен случај за полиција.

ОЏАТА

(Кон новинарката) Овој е наш госпоѓице... Турчин! А овој не е наш, но гледам правилно ги сфаќа работите! Морам да речам дека и меѓу Словените има и добри луѓе... како на пример докторот.

СЕЛИМ

(Остро) Не! Ни едното, ни другото не наши. И двете албанско непријатели!

ОЏАТА

(Кон Селима остро) Ти да молчиш! Не слушна што рекоа луѓето? Со нас се... Не подржуваат против арамијава! И тис се полициска разврска на случајов! Но, да повикаме полиција.

РАМЧО

Да, да! Да повикаме! Ако не се лажам... (Кон оџата и новинарката) Вие заедно пристигнавте и токму во моментот кога нашиот побратим Селим падна наземја!

ОЏАТА

Да! Случајно се запознавме со госпоѓицата и... Ете така, сакав да и ја покажам егзотичноста на Бит-пазар! Но, ако слушнав добро, вие со Селима сте побратими, нели?

КИРИЛ

Да! Повеќе од педесеттина години!

НОВИНАРКАТА

(Кон Рамчо) Господине ве молам повикајте полиција!

РАМЧО И ОЏАТА

Да! Да!

РАМЧО

Но веројатно не ја знаете хронологијата на настанот!

ОЏАТА И НОВИНАРКАТА

Не! Не!

ОЏАТА

Не, но ваквите и слични грубости од Словените врз невиното албанско население се катадневна слика низ Македонија! (Кон Кирила) Простете докторе. но сите Словени ја немаат хуманоста со која се одликувате вие!

КИРИЛ

Македонец... Јас сум Македонец господине оџа! А поимот Словен е нешто многу пошироко нешто што му претходело на формирањето на нациите меѓу кои и на македонската. Туку, во Македонија, господине оџа живеат Македонци, освен, ако тоа од вам познати причини не ви се присакува да го премолчите како историски факт.

НОВИНАРКАТА

(Кон Рамчо) Ве молам... побргу повикајте полиција!

РАМЧО

Не би сакале да слушнете за хронологијата на настанот?

НОВИНАРКАТА

Вие... видовте сè?

РАМЧО

Да!

ОЏАТА

Така, така чедо! Алах сакал да се затекнеш тука! Кажи и на госпоѓицата што виде и што чу! Кажи и како не репресираат Словените. (Погледнувајќи кон Кирил) Простете докторе, вие не сте од оние лошите!

РАМЧО

Сега, сега оџа! Стоевме онаму под дрвоно кога од зад аголот се појави нашиот побратим Селим, пеејќи некаква песна...

ОЏАТА

(Втурнувајќи се кон новинарката која го бележи кажувањето.) Да госпоѓице... Се напил да ги заборави понижувањата... и си запеал! Зар е зло да се пее?

РАМЧО

Дојде до продавницата и... препирката почна. Тој на продавачот: „Дај ми ја книшката!“, продавачот нему: „Каква книшка бре?“ И почна туркањето!

ОЏАТА

Да, така е! Браво чедо. Алах сакал да се затечеш тука и да засведочиш за сè! Така е, му ја зел штедната книшка и не му ја враќа!

РАМЧО

Чув кога Селим му се обрати:„Еј, продавач, ти мора да ми ја дадеш книшката!“

ОЏАТА

Така е! Си го бара своето сиромавиот. Понатаму... Понатаму чедо!..

РАМЧО

Понатаму.. продавачот го поттурна и му рече:„А бре, каква книшка пијанчиште ниедно... Зарем цел ден само со тебе ќе си го губам времето?“

ОЏАТА

Така, така чедо! (Кон новинарката) Слушате, слушате, госпоѓице?! Му ја зел книшката и за да го прикрие проблемот го брка кутриот! Понатаму... понатаму чедо! Алах да ми те живее сто години!

ПРОДАВАЧОТ

(За ceто време слушајќи наблизу до влезот на дуќанот) А бре каква книшка луѓе!.. Овој со денови ми досасува заканувајќи ми се со голема Албанија! Вели: „Продај ми го дуќанот оти еден ден без пари ќе ми го дадеш!“ Сè едно исто повторува: „Иде иде и ќе биде!“

НОВИНАРКАТА

(Бележејќи во нотесот) И што му значи тоа?

ПРОДАВАЧОТ

Што му значи? Па тоа... дека почнала борбата за голема Албанија... И откако победат ќе нѐ протерат и сѐ ним ќе им остане без пари! Така како што сторија во Тетово, Куманово и Арачиново!

НОВИНАРКАТА

(Кон продавачот) Господине, простете, но морам да ви забележам дека грешите. Ние од Европа будно ги следиме случувањата во Македонија и за сега немаме евидентирано ексцесни случаи од албанското население.

ПРОДАВАЧОТ

Сте биле во Тетовско?

НОВИНАРКАТА

Да! Во десеттина села. И знаете што видов? Само уплашено, невино албанско население од репресиите на македонската војска и полиција.

ПРОДАВАЧОТ

Видовте Македонци, Срби, Роми?

НОВИНАРКАТА

Не! Па тоа се села со етнички Албанци, зар не?

ПРОДАВАЧОТ

Не! Токму тие „прекрасни" и „миролубиви" Албанци сосила го протераа неалбанското население! А онаа „Иде иде и ќе биде" не значи ништо освен дека и нас нѐ чека истата судбина!

НОВИНАРКАТА

Значи ли тоа дека, во случајов, вашиот збор е против мосто видување и убедување?

КИРИЛ

Условно од тоа за што сте биле платени да видите и за што сте добиле налог да се убедите!

НОВИНАРКАТА

(Изненадено) Ова, навреда е, или сомнеж во мојот професионален морал?

КИРИЛ

Многупати потврдена вистина!

НОВИНАРКАТА

Алудирате на невистинито информирање?

КИРИЛ

И тоа е потврдена вистина!

НОВИНАРКАТА

Господине докторе, вие сериозно навредувате! Вашингтонски „Телеграф“ е сериозен дневник и...

КИРИЛ

(Влегувајќи и во зборот) Знам, госпоѓице Олбрајт! Го добивам десеттина години!

НОВИНАРКАТА

Го добивате? О, ме радува, премногу ме радува! Тогаш не се сомневам дека не ви е непознато реномето што го ужива меѓу светската медиумска елита!

КИРИЛ

Да, до 2001 година! Или ако сакате до почетокот на распламтувањето на огнот од големоалбанските терористички банди!

НОВИНАРКАТА

Бидете поконкретен!

КИРИЛ

До објавувањето на написите, од тогаш, за мене непознатиот акредитиран новинар во Македонија, Монета Олбрајт. А ете случајот сакаше денеска лично да ве запознам госпоѓице Монета Олбрајт! Вистина, не верував дека ќе ја имам можноста, но се случува, нели?

НОВИНАРКАТА

О, да секако, секако! Светот е толку мал што... Господине докторе, успеавте да го испровоцирате моето љубопитство! Ме интересира... навистина ме интересира каде ме рангирате како странски известувач?

КИРИЛ

Со исклучок на еден или двајца... сите во врвот!

НОВИНАРКАТА

(Низ насмевка) А мене? Мене ме рангирате во врвот или?..

КИРИЛ

(Сериозно) Вас особено госпоѓице Олбрајт!

НОВИНАРКАТА

(Низ насмевка) Вашето мислење ми значи господине докторе. Особено ми значи мислењето на еден сериозен интелектуалец! Но вие мора да го владеете англискиот јазик?!

КИРИЛ

Да! И францускиот, и германскиот, и италијанскиот, и руският, и шпанскиот...

НОВИНАРКАТА

Полиглот! Зар е можно на овие простори...

КИРИЛ

(Прекинувајќи ја) Можно е... можно е! Сè е можно на овие простори госпоѓице Олбрајт!

НОВИНАРКАТА

(Умилкувачки љубезно) Ова особено ми значи господине докторе! Еден ваков интелектуалец ме рангира во врвот на светската медиумска елита! Веројатно ги проследувате и написите од останите колеги... На пример Јохан Штулц од „Шпигел" или Жан Бомарше од „Диманш"... Или да речеме... Монстер Солана од „Еспањол Атлантико" или...

КИРИЛ

(Ја прекинува.) Да, да ве следам сите вас од врвот!

НОВИНАРКАТА

Велите елитниот европски и светски медиумски врв!

КИРИЛ

Да, да, елитниот корумпиран европски и светски медијски врв! Ве следам, ве следам госпоѓице Олбрајт. А како да не ве следам кога вашите написи баздат! Баздат госпоѓице Олбрајт... на мито, на диктат од терористичките албански скривници над Тетово преполнети со донирано западно оружје!

НОВИНАРКАТА

(Вџашена) Не, господине докторе!..

КИРИЛ

(Низ гнев) Токму така госпоѓице Олбрајт! Што ви значи вчерашниот наслов: „Од теророт на Словените гаснат албански села“. Кај го видовте тоа госпоѓице Олбрајт?! Колку ви платија за мамењето на европската и светската јавност?! Каде го пишувавте написот? Во штабот на Ахмети? (Кон Оџата) Во џамијата на овега или во гробната тишина на некоја од мноштвото иселени македонски села?!

НОВИНАРКАТА

(Сè уште со истиот израз на лицето) Но господине докторе!.. Не дозволувам!.. Моето име...

КИРИЛ

Вашето име можеби некогаш значело нешто... Но сега, сега госпоѓице Олбрајт... Сега значи срам... искорумпирано перо во служба на големоалбанскиот политички апсурд. Од вашето име госпоѓице Олбрајт... и од колегите слични на вас останале само правот од моралот најмен во служба на измамата и срамот!

ОЏАТА

(Испречувајќи се меѓу неа и Кирил) Госпоѓице!.. Не вознемирувајте се... важно е што лично се уверивте во дрскоста на Словените! Без исклучок злото им е во вените. Но да повикаме полиција!..

СЕЛИМ

(Осоколен, кон продавачот) Ти мислиш вратиш Селим книшка или не! Дај Селим книшка оти!..

ПРОДАВАЧОТ

Ете ти го, пак почна пијанчиштето! А бе, ај магла оттука! Пекол ми го стори денот, еј, пекол! Магла, магла оттука! (Го турка.)

ОЏАТА

(Кон новинарката) Чувте, чувте госпоѓице? Му ја украл книшката и го брка! Ете тоа се Словените! (Обѕлeдува низ улицата и вика.) Полиција! Полиција!

СЕЛИМ

Полиција! Полиција!

ОЏАТА

(Кон Рамчо) Чедо... Алах сакал да се најдеш овде! Повикај полиција, те молам!

РАМЧО

(Кон Селим) Селиме, што се случува со тебе? Селиме, побратиме!

СЕЛИМ

Селим нема побратим во Турчин и Словен! Селим сакало слобода и демократски!

КИРИЛ

Селиме бре! Како дозволи да те смотаат крвниците, бре побратиме?

СЕЛИМ

Селим немал побратим во Словен и Турчин! Селим чекало црниот орел застане над Вардаро! (Оттргнувајќи се од обајцата. Кон продавачот) Продавач... веднаш вратило книшката Селим!.. Вратило книшката бе!..

ОЏАТА

Засрамете се господине! Сте му ја украле штедната книшка, па згора и го туркате! Веднаш вратете му ја книшката!

НОВИНАРКАТА

(Го фотографира дуќанот и продавачот.) Господине, со каква совест си го дозволувате ова? Класичен грабеж! Уште денеска ќе испратам извештај за случајов!

КИРИЛ

И... за колку нули ќе биде побогато вашето банковно салдо, госпоѓице Олбрајт?! Би сакал да знам колку време сте на таинствениот терористички платен список?

НОВИНАРКАТА

(Луто) Вие господине имате вистински шанси да се трансформирате во дрзок идиот!

КИРИЛ

(Иронично) А јас пак сум убеден дека сте Вие тоа одамна госпоѓице Олбрајт! Само ме чуди како некои Американци пламењата на совеста ги смируваат со купчиња терористички банкноти?!

ОЏАТА

Госпоѓице, госпоѓице еве го... еве го! Еве доаѓа полицаец! (Мавтајќи рака кон полицаецот) Полиција! Полиција!

СЕЛИМ

Сега ти вратиш книшката Селим!. Сега ти видиш како сакаш убиеш на Селим! Полиција! Полиција! Продавач вршило арамилак на Селим!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Пристигнувајќи и учтиво поздравувајќи) Добар ден господине! Што се случува тука? За каков арамилак се работи?

СЕЛИМ

Арамилак! Продавач не сака даде книшка на мене!

ОЏАТА

Господине полицаец... јас ќе ви објаснам! Селим е неук... знаете наивен... па дозволете...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Добро де, нека ми објасни некој за каков арамилак се работи!

ОЏАТА

Овој тука (Кон Селим) дошол да купи чевли за дечињата, но продавачот му ја зел штедната книшка и го истуркал од дуќанот. Со госпоѓицата американски новинар случајно наидовме во мигот кога човеков беше соборен на земјата. Замислете: му ја украл штедната книшка и го брка од дуќанот!

НОВИНАРКАТА

Да, така беше господине полицаец. Чинам продавачот нема намера да му ја врати книшката на сиромавиот!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Погледнувајќи ги) Кој е продавачот?

ПРОДАВАЧОТ

Јас господине!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Добро бре човеку, како си можел да го сториш тоа? Вистина е дека си му ја зел штедната книшка?

ПРОДАВАЧОТ

Господине... да ви кажам сѐ во врска со ова, потребни ми се денови. Од неговата дрскост не ми се доаѓа во дуќанот! Ама нели тоа ни е опстанокот... мора!

ПОЛИЦАЕЦОТ

И што се случи?

ПРОДАВАЧОТ

Сѐ почна пред околу шеесетина дни. Ќе дојде изутрината... ќе зјапа во дуќанот... и бара да му го продадам

дуќанот! Вели: „Ако сега не го продадеш утре без пари ќе го дадеш!". Те ќе се создала голема Албанија... те сите Албанци ќе живееле во една албанска држава... те нас Македонците ќе не протерале... И што ли не уште!

ПОЛИЦАЕЦОТ
И?

ПРОДАВАЧОТ
И... сто пати му реков: А бе човеку, од тоа не бидува ништо. Дуќанот не е за продавање! Од него опстојувал прадедо ми, па дедо ми, па татко ми нас четиримина не издржал... А јаç одгледувам тримина... Нека ти е тебе за купување! Низ чаршијава дуќани колку што ти душа сака. Штом си решил да купиш ќе купиш!

ПОЛИЦАЕЦОТ
(Гледа со чудење во Селим.) Овој да купи дуќан на Бит – Пазар!? (Кон продавачот) Да не се шегувате?

СЕЛИМ
Зошто бе да шегувам полицаец? Селим сакал купи дуќанот! Ако продавач сега дуќанот не продал, утре без пари на Селим дал! Иде, иде и ќе биде!

ПРОДАВАЧОТ
Слушнавте? Ми верувате?

ОЏАТА
(Ставајќи му ја раката на устата на Селим) Господине полицаец... неук е, господине полицаец! И неук... и наивен! Кое зло би можел да стори ваков човек!? Одвај душата ја крепи!

СЕЛИМ

(Оттргнувајќи си ја устата) Еј продавач, дај Селим книшка! Иде, иде и ќе биде! Тогај ти давало дуќанот Селим без пари!

ОЏАТА

(Пак ставајќи му ја раката на устата) Од наивност е господине полицаец! Очаен е поради украдената штедна книшка!

ПРОДАВАЧОТ

Не го верувајте овој ѓавол господине! Подеднакво е окрвавен како онис што катадневно пукаат од планините! Само што ѕверското срце го сокрил мошне вешто под светата облека.

ОЏАТА

(Со рацете кон небото) О, голем Алах, што доживеав! Еден безбожен Словен да ме нарекува ѓавол! Плати му ти голем Алаху!

СЕЛИМ

(Нафрлувајќи се на продавачот) Ти! Како осмелил да навредиш на мој учител!? Ти Словен, ѕвер! Иде, иде и ќе биде! Ќе земам дуќанот без пари јас, ќе земам!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Кон продавачот) Што би требало да му значи тоа: „Иде, иде и ќе биде?"

ПРОДАВАЧОТ

Токму тоа што цело време се обидувам да ви објаснам! Дрско навестува дека голема Албанија наскоро ќе биде вистинитост, и јас ќе бидам присилен да му го дадам дуќанот без пари!

НОВИНАРКАТА

Јас ни најмалку не го делам мислењето на господинов! Впрочем, сè што досега рече е само безуспешен обид да ја одбегне одговорноста за украдената штедна книшка. За случајов уште денеска ќе испратам извештај до мојата редакција!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Вие сте новинарка?..

НОВИНАРКАТА

Вашингтонски „Телеграф"! (Си ја подава раката.) Госпоѓица Монета Олбрајт!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Хамза Исмаил!

ОЏАТА

О, ти си наш чедо!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Ничиј сум јас Оџа, ничиј! На законот и со законот сум!

ОЏАТА

Не се трпат Словениве чедо! Тормозат... грабат...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Смирете се Оџа... и не навредувајте никого! Ве замолувам да го заборавите зборот Словен! Во Македонија живеат Македонци!

ОЏАТА

Ама чедо!..

ПОЛИЦАЕЦОТ

Господине полицаец! Ако не сакате да ме викате вака, викајте ме едноставно „полицаец"!

ОЏАТА

Ама чедо...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Господине, Оџа, господине! И... ви напомнувам: јас сум чедо на моите родители и на Законот!

ОЏАТА

Ама зар не ве здоболеа катадневните тормозења господине? Не гледате ли дека ги немаме основните човекови права и слободи!

ПОЛИЦАЕЦОТ

На пример?

ОЏАТА

Вработување... школување... слобода...

НОВИНАРКАТА

Да! Како добар познавач на состојбиве во државава, во потполно го подржувам господинов!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Првин да ви одговорам Вам госпоѓице! Макар што ве познавам само неколку минути веќе сум сигурен дека не сте некаков познавач на состојбите во државава!.. И второ... дека на вашите написи никако не би требало да им се верува!

ОЏАТА

Но зарем не Ви пречи тоа дека немаме никакви демократски права и слободи?

ПОЛИЦАЕЦОТ

Кои се тие што немаат демократски права и слободи?

ОЏАТА

Ние!.. Сите етнички заедници освен Словените!

ПОЛИЦАЕЦОТ

На кои права и слободи мислите господине Оџа?

ОЏАТА

На најосновните... образование... вработување...

НОВИНАРКАТА

Јас како добар познавач на состојбите во државава...

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Влегувајќи и во зборот) Вам веќе ви реков дека не сте никаков познавач на состојбите во државава!.. И токму затоа воопшто не ме чуди што Европа сѐ уште е далеку од вистината за случувањата во Македонија! А сега одговор за вас господине Оџа! Веќе знаете дека сум Турчин, нели?

ОЏАТА

Да!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Се школував на мајчин турски јазик...

ОЏАТА

(Влегувајќи му во зборот) Ама само основно образование, нели?

НОВИНАРКАТА

Да, само основно образование! А што е со средното?

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Кон новинарката) Истото што и во Англија, Америка и другите западни демократии! Но да ве прашам: на кој јазик во

Англија се школуваат, да речеме, Индијците или другите малцинства?

НОВИНАРКАТА
На англиски!

ПОЛИЦАЕЦОТ
А Алжирците во Франција?

НОВИНАРКАТА
Па нормално, на француски!

ПОЛИЦАЕЦОТ
Значи не постојат средни училишта за Индијците и Алжирците?

НОВИНАРКАТА
Не!

ПОЛИЦАЕЦОТ
Тогаш како може да биде нормално да не постојат средни училишта на мајчин јазик за малцинствата во земјите со развиена демократија, какви што се Англија, Франција, Америка, а да е ненормално во една мала држава каква што е Македонија?! Што ако ви речам дека зад сè што ни се случува со албанскиот тероризам не стои никаква борба за образование и слобода, туку едноставно идејата за голема Албанија!

НОВИНАРКАТА
Општа е констатацијата дека се работи за слободи и права на малцинствата!

ПОЛИЦАЕЦОТ
Заборавивте што реков пред малку? Јас сум по националност Турчин... и ги уживам сите права и слободи како и Македонците и сите останати малцинства! Завршив

основно на мајчин јазик... завршив средно образование... и се вработив... и сега студирам на Факултетот за безбедност!

НОВИНАРКАТА

(Со недоверба) Веројатно се работи за преседан! Секако за мнозинството е тоа само утопија!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Уставно право госпоѓице, загарантирано право на секој граѓанин на Република Македонија без разлика на национална и верска припадност! А да ве прашам...

НОВИНАРКАТА

Повелете!..

ПОЛИЦАЕЦОТ

Какви се човековите права на црнците во Соединетите Американски Држави?

НОВИНАРКАТА

(Несигурно) Такви... какви што се...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Со понижување и дискриминација?

НОВИНАРКАТА

(Нервозно) Ви реков...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Каде е Мартин Лутер – Кинг? Го убивте? Се бореше за човекови права во Америка?

НОВИНАРКАТА

(Нестрпливо и нервозно) Не знам! Тогаш бев мала!

ПОЛИЦАЕЦОТ
(Кон Рамчо) Го гледате човеков?..

НОВИНАРКАТА
Да! Па?..

ПОЛИЦАЕЦОТ
И тој е Турчин! Заврши Педагошка академија и до пензионирањето работеше како наставник на турски јазик!

НОВИНАРКАТА
Претпоставувам од поодамна се познавате?

ПОЛИЦАЕЦОТ
Да! Ми беше наставник по мајчин јазик. Одличен наставник, којшто генерации и генерации ученици задолжи за цел живот!

НОВИНАРКАТА
(Иронично) Не би сакала да ве навредам, но... помислувам дека Турците се посебно привилегирано малцинство во оваа држава!

ПОЛИЦАЕЦОТ
(Исто иронично) Ме провоцирате да се посомневам во вашите слухови вредности, госпоѓице Олбрајт! Освен, се разбира, ако од посебни причини не сакате да го восприимите тоа што го реков за нашиот Устав!

НОВИНАРКАТА
(Иронично) Ве разбирам, ве разбирам господине полицаец! Но што е со Албанците? Досега не сум чул Албанец да рече дека е задоволен со своите уставни права!

ПОЛИЦАЕЦОТ
Условно со кого разговарате!

НОВИНАРКАТА

Поконкретно?

ПОЛИЦАЕЦОТ

Поинакво ќе биде кажувањето од наш Албанец, а сосем спротивно од натрапник!

НОВИНАРКАТА

Ќе ми објасните поубаво? Значи постојат наши Албанци и натрапници!?

ПОЛИЦАЕЦОТ

Да! Наши автохтони македонски Албанци и натрапници од Албанија и Косово! И токму вториве го потпалија мирот во државава!

НОВИНАРКАТА

(Иронично) И што ќе ми рече за своите права еден, како велите вие, „наш македонски Албанец?"

ПОЛИЦАЕЦОТ

Истото што и јас! Дури и повеќе одошто јас! Зашто тие имаат и средни училишта!

НОВИНАРКАТА

(Иронично) Јас пак, не сум сретнала ниеден ваков Албанец?

КИРИЛ

(Иронично) Зашто веројатно не ви плаќаат за разговорите со нив! А, Косоварите... Е, тие се штедри и умеат со корумпираните! (Покажувајќи кон Оцата) Како овој што ви ја полни главата, та со шумот од банкнотите го оправдувате грмењето на минофрлачите и плачот на раселените!

НОВИНАРКАТА

Зарем не чувствувате дека вашата дрскост преминува во досада?

ПОЛИЦАЕЦОТ

Госпоѓице Олбрајт... можеби господинот е дрзок, но ја кажува вистината! Гледајќи ве во придружба на Оџата не ме чуди зошто не сте сретнале македонски Албанци!

НОВИНАРКАТА

Но тој е... нели и тој е ваш!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Не госпоѓице! Господинот Оџа ни остана како зол подарок од косовската криза! Позната ни е неговата врска со терористите госпоѓице Олбрајт! Како што ни е познато и тоа дека за време на верските обреди поттикнува верска нетрпеливост, регрутирајќи нови терористи!

ОЏАТА

(Гневно) Отпадник! Алах не ќе ти го заборави ова! Сите предавници ќе ја добијат заслужената казна! Госпоѓице, се уверивте? И полицијата е против обесправените малцинства! Да си одиме госпоѓице! Дрскоота од овие станува неиздржлива!

НОВИНАРКАТА

Сега, сега, господине Оџа! Па господа, ова беше доволно! Да навлезам во суштината на (Со поголема иронија) овдешните слободи и права на етничките малцинства! (Кон полицаецот) Како да го разберам, господине тоа што не презедовте ништо да му се врати книшката на човекот?

ПОЛИЦАЕЦОТ

Не грижете се за проблемов, госпоѓице Олбрајт. Правдата мора да биде задоволена!

СЕЛИМ

Книшката!.. Продавач, ти морал вратиш книшката! Ти украл книшката Селим!

РАМЧО

Господине полицаец, дозволете ми да помогнам околу случајов!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Со почит) О, со задоволство наставниче. Посебно е задоволството што сè уште можам да се користам со помошта од мојот мудар наставник!

ОЏАТА

(Кон Рамчо) Така, така чедо! Алах сакал да бидеш тука!

РАМЧО

Со овега (Кон Селим) сме побратими половина век. Пред половина час се појави од кај сокакон пеејќи, и застана пред овој дуќан, барајќи од продавачот да му врати некаква книшка.

ОЏАТА

(Со израз на задоволство) Така, така чедо! Алах да ти ги позлати зборовите!

РАМЧО

Во еден миг, продавачот, очигледно премногу изнервирано рече: „Магла оттука бре пијанчиште ниедно! А бре цел ден ли со тебе ќе си губам времето?“ И, потоа го турна, а Селим онака поднапиен падна на земја.

ОЏАТА

(Со истиот израз) Да, така беше! Зборувај, зборувај чедо!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Вие видовте некаква книшка?

СЕЛИМ

(Со закана) Продавач, вратиш книшката оти... веќе почнало пукаат близу! Ем вратиш Селим книшката, ем дуќанот дадеш без пари!

ОЏАТА

(Ставајќи му ја раката на уста) Се напил... од мака се напил кутриот! (Кон полицаецот) Како би се чувствувале вис некој да вс ограби? Да ви ја украде штедната книшка?

РАМЧО

(Кон Селим) Селиме!.. Побратиме!..

СЕЛИМ

(Со омраза и со вперен поглед кон Рамчо) Ти Турчин... (Со прстот кон Кирила) И ти Словен... веќе Селим не побратим! Вие Селим непријател!

КИРИЛ

Секававме, секававме побратиме дека последниве месеци со тебе нешто се случува! Нѐ фати стравот уште кога почна катаден да влегуваш во џамијата! Сепак, не веруваме дека ќе заринкаш толку едноставно на тој отровен круг.

СЕЛИМ

(Со прстот кон Кирил) Ти Словен (Со прстот кон Рамчо) и ти Турчин... за Селим непријател! Само Албанци Селим браќа!

РАМЧО

(Вадејќи ја книшката) Селиме, ова ли е книшката што ја бараш?

СЕЛИМ

(Радосно) Да! Дај! Турчин дај книшка! Дај книшка бе!

ОЏАТА

(Уплашено, во обид да ја грабне од Рамчо) Ваму книшката! (Откако не успева го покрива лицето со лукава насмевка) Хм! Не, не е тоа книшката што ја бара Селим! Штедната книшка нека му ја врати овој арамија! (Кон Рамчо умилкувачки) Така чедо... убаво што си ја нашол оваа книшка! Алах сакал да ја пронајдеш. Дај, дај ми ја мене чедо!... (Веднаш кон продавачот) Ти разбојнику, што чекаш уште?! Врати му ја на кутриот штедната книшка! (Веднаш кон Рамчо) Предај ми ја книшката чедо! Штом отрезни јас ќе му ја дадам!

СЕЛИМ

Турчин! Дај, дај бе книшката Селим! Дај, оти блиску пукат мои браќа! Дај бе кога кажувал Селим!

НОВИНАРКАТА

(Нервозно кон Рамчо) Вие господине... до кога мислите да се изживувате со кутрецот? Веднаш дајте му ја книшката! (Кон полицаецот) А вие... кога веќе ја носите оваа униформа, погрижете се да му се врати штедната книшка и не обидувајте се да ме убедите дека во оваа држава постои закон!

РАМЧО

(Подавајќи ја книшката на полицаецот) Господине полицаец, погледајте ја книшката!

ОЏАТА

(Пак во неуспешен обид да ја земе) Не, не чедо! Мене дај ми ја!

РАМЧО

(Иронично) Сѐ во свое време, господине оџа! Смирете се!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Земајќи ја и обгледувајќи ја книшката) А – ха, а – ха! Да, да! (Изменето гледа во сликата и во Селим.) Книшката ваша е, нели?

СЕЛИМ

Да! Дај книшка бе полицаец! Ти заборавил Вејце и Карпалак! Дај оти блиску пукат мои браќа. Тука скоро биде Вејце и Карпалак.

ОЏАТА

(Брзо му ја става раката на устата на Селим.) Селиме, молчи, Селиме! (Збунето и наизменично кон продавачот и полицаецот) Штедната книшка! Вратете му ја штедната книшка!

РАМЧО

Не постои штедна книшка! (Сите погледи кон него)

ПОЛИЦАЕЦОТ

Вистина наставниче?

РАМЧО

Да! Вистина! Штедната книшка е само плод од перфидноста на господинот Оџа за да ги оцрни Македонците во очите на госпоѓицата новинарка. Макар што тоа е веќе нескршливо големоалбански инструирана!

ОЏАТА

Алах!.. Алах ќе те казни проклет предавнику! Ваквите како тебе земјата не ќе ги прими!

НОВИНАРКАТА

(Нервозно посегајќи по книшката) Вратете му ја книшката! Зар немаат крај вашите дивјачки страсти? (Кон Рамчо и полицаецот) Што луѓе сте бе вие?! Турци, а им слугувате на Словените! Не ви е жал за кутриот? (Со раката кон Селим) Погледајте го... се исцибрил од очај невиниот!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Ние никому не слугуваме госпоѓице, само си ја сакаме татковината! А што се однесува за „кутриот“ или како што уште го нарекувате „невиниот“... (Поаѓајќи кон неа и покажувајќи и ја книшката) Погледнете госпоѓице, Олбрајт! (Обајцата гледаат.) Читате албански?

НОВИНАРКАТА

Да! Пред доаѓањето ваму посетував курсеви по македонски и албански!

ПОЛИЦАЕЦОТ

И! Што пишува овде?

НОВИНАРКАТА

УЧК – Известувачка служба!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Името? Презимето?

НОВИНАРКАТА

Селим Џафери!

ПОЛИЦАЕЦОТ

Кого го гледате на фотографијата? Кутриот? Невиниот?

НОВИНАРКАТА

Ништо не ми значи ова! Освен тоа УЧК дејствуваше на Косово, а тука се борците на ОНА!

КИРИЛ

УЧК ја роди ОНА госпоѓице Олбрајт! Но тоа вам ви е детално познато! Ако не се лажам Вие известувавте од Косово, нели?

НОВИНАРКАТА

Да!

КИРИЛ

И со првите косовски терористи преминавте во Македонија, така?

НОВИНАРКАТА

Да! По инструкции од Редакцијата!

КИРИЛ

И веднаш објавивте напис:„Искуството на УЧК - мотивација за ОНА".

НОВИНАРКАТА

(Во обид да се извлече.) Не се сеќавам. Можеби.

КИРИЛ

Се сеќавате, се сеќавате! Само седмица подоцна нов наслов: „Со борците на ОНА – слободата на дофат". Па: „Слободарската ОНА господари со планините" итн.., итн... и ниеднаш не го употребивте зборот терорист! Зошто јадевте со нив, спиевте со нив... и дебело наплаќавте за корумпираното перо!

НОВИНАРКАТА

Почитувам сечие убедување, но сопственото најмногу, господине докторе! Јас сè уште во Македонија не гледам Албанци – терористи! Напротив – за мене тоа се борци за слободи и права! И имам прекрасни спомени од тие луѓе!

КИРИЛ

Во долари... франкови... или евра?!

НОВИНАРКАТА

(Низ смеа) Ха – ха – ха... Човеку... кога еднаш ќе размислувате европски и американски? Сè околу нас е само еден голем бизнис!

КИРИЛ

И војната? И жртвите од неа?

НОВИНАРКАТА

(Низ насмев) Ха – ха – ха... И тоа човеку и тоа!

КИРИЛ

И што од тој бизнис?

НОВИНАРКАТА

(Миговно сериозна) Само најскапото... само највкусното... и најубавото! И без капка сопствена крв!

КИРИЛ

А туѓата крв?

НОВИНАРКАТА

(Низ смеа) Ха – ха – ха... ах тој ваш балкански примитивизам!.. И секогаш еден против друг! Дури и брат против брата си – макар и за грска земја!

КИРИЛ

А вие профитирате (Низ сарказам) традиционалниот окултизам на големата окцидентална олигархија! Испокарај и профитирај! Гнасно! Бездушно! Крвави се трезорите што го плаќаат блесокот на малициозната круна на вашата демократија, госпоѓице Олбрајт!

НОВИНАРКАТА

(Низ смеа) Ха – ха – ха... па тоа, тоа вие сами го посакувавте господине! Граници... територии... големи држави... (Сериозно) да, да вие го посакувавте тоа! Вие и вашиот балкански примитивизам! (Лукаво) А ние... ние само помагаме!

КИРИЛ

Вие разгорувате, нели? Создавате жртви и потоа... потоа станувате миротворци... олеснувачи... донатори... навистина безпрекорна флагрантна перфидност: пироманот – пожарникар, отежнувачот – олеснува, ограбувачот – донатор! Да, да госпоѓице Олбрајт, класична окцидентална монструозност!

НОВИНАРКАТА

(Сериозно) А што можат Америка и кутрата стара цивилизирана Европа кога часовникот на времето над Балканот сè уште работи во родовското општество!? Вистина? Често вршевме цивилизациски поправки, но...

КИРИЛ

(Влегувајќи и во зборот, иронично) Но секогаш го оставате со нови дефекти! Госпоѓице Олбрајт, што ако еден ден балканскиот часовник отпочне да отчукува без пламењата на војни?! Што со вашиот, како што рековте голем бизнис?

НОВИНАРКАТА

(Вадејќи од чантата коверт. Кон Кирила) Оф! Благодарам што ме потсетивте! (Кон Оџата) Господине Оџа... јас морам да заминам веднаш! Ме очекува миротворна задача, па морам да стигнам на време! Ве молам, писмово дајте му го на мојот драг пријател... и извинете ме што не можам лично да поразговарам со него! Може?

ОЏАТА

(Со умилкувачко поклонување) Секако... секако госпоѓице новинар!

НОВИНАРКАТА

(Кон Кирила) А за вас ќе повторам: Сè околу нас е еден голем бизнис докторе! Беше Босна бизнис! Беше Косово бизнис! Сега бизнисот е тука!

КИРИЛ

А утре?

НОВИНАРКАТА

Ха – ха – ха... ме засмевате господине докторе! Балканскиот часовник не ќе престане да чука заборавен од војни! Ќе пукате вие... во крвта ви е да пукате еден во друг! Ако не во соседот во братот, ама ќе пукате!

РАМЧО

Но што ако сепак престане да чука?

НОВИНАРКАТА

Тоа никогаш! Но и да се случи премудра е окциденталната фолозофија на бизнисот господине наставниче! Ќе создаде нов... и нов... и нов... и сѐ така до бескрај! Вамү борба за слободи и права! Онаму агресија заради божемно производство на оружје за масовно уништување! Некаде заради борбата против тероризмот итн... итн... итн...

ПОЛИЦАЕЦОТ

Монструозно! Профит со мирис на смрт!

РАМЧО

Агресија врз државава зарди наводна борба против тероризмот! Лицемерство! Та зарем нам ни фрлаат магла во очите!? Кој ги помагаше овдешниве терористи?

НОВИНАРКАТА

(Низ смеа) Ха – ха – ха... (Миговно сериозна) Кој ги помагаше? Но сега сме миротворци! Сега сме олеснувачи... донатори...

КИРИЛ

Тешко нам со вакви миротворци и донатори кои даруваат мртовци!

НОВИНАРКАТА

Не заборавајте господине докторе: тоа вие сами го посакувате! Ние... само помагаме!

РАМЧО

Да избие војна?

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Со брзо надоврзување на репликата) Да се испоубиеме!..

НОВИНАРКАТА

(Развлечено нагласено) И да ве помируваме!

КИРИЛ

Можеби нашиот балкански часовник застанал во родовското општество госпоѓице Олбрајт, меѓутоа, колку што можев да растолкувам, вашата окциденталност безнадежно заринкала во рововите на нагниената совест!

ОЏАТА

(Гневно кон Кирил) Не ја навредувај госпоѓицата безнадежен словенски гаду!

СЕЛИМ

(Поаѓајќи кон Кирил) Ти Словен, навредил нашата пријателка – новинар! Ти не смеел навредил госпоѓица новинар! Вие криви што албански народ немало слобода! Сега тебе Селим... (вади револвер и го репетира.)

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Брзо извлекувајќи го својот пиштол и вперувајќи го во Селим) Стој! Фрли го револверот! Фрли го кога ти велам!

СЕЛИМ

(Вперувајќи го во Кирил) Селим тебе...

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Пука два пати кон Селим. Тој паѓа на земјата.) Полуде! Малку фалеше да ве убие, господине докторе!

ОЏАТА

(Клекнувајќи покрај Селима. Гневно.) Го убивте! Знаеш ли кого уби проклет Турчине? И поради кого? Поради еден словенски гад! Гнасен предавнику (Исправајќи се извлекува пиштол и го вперува во полицаецот).

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Кон останатите) Бргу легнете! (Кирил, Рамчо и продавачот легнуваат. Новинарката збунета од настанот останува да стои. Полицаецот испукува уште два куршуми. Оџата паѓајќи испукува еден куршум.)

НОВИНАРКАТА

(Фаќајќи се за градите низ гнев и горчина) Оф! Ме уби бре глупаво терористичко ѓубре! Господе!.. Зарем ваков крај господе! Прости ми господе!.. Згрешив... многу згрешив!.. Проклети терористи! Проклети пари!.. (Кон полицаецот) Писмото... земете го писмото од Оџата! Писмото... оружје... цел контингент... ние го донесовме... не смее... не смее да падне во нивни раце!.. Најсофистицирана опрема и оружје... не, не дозволувајте да го земат терористите...

КИРИЛ

(Прво го проверува пулсот кај двајцата, констатирајќи настапување на смрт, а потоа заедно со полицаецот, Рамчо и продавачот клекнуваат крај новинарката.) Смирете се! Смирете се госпоѓице Олбрајт! (Кон Рамчо) Побратиме, повикај брза помош!

ПРОДАВАЧОТ

Јас ќе повикам! Во продавницава има телефон!

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Станувајќи говори преку својот мобилен.) Ало, испратете!.. (Останатиот разговор не се слуша. Се гледа само климање на глава.)

НОВИНАРКАТА

(Со болен грч на лицето и тешко дишејќи.) Не! Свршено е!.. (Кон Кирила со болна насмевка) Имавте право докторе!.. Нашиот... окцидενталниот часовник безнадежно заринкал во рововите на нагниената совест! Дури сега... доцна... многу доцна проработи!

КИРИЛ

(Обидувајќи се да и го запре крварењето) Не зборувајте!.. Не напрегајте се госпоѓице! Смирете се!

НОВИНАРКАТА

Имавте... имавте право! Тешко вам... со вакви миротворци... олеснувачи... и донатори! Како рековте? „Пироманот – пожарникар... отежнувачот – олеснувач... ограбувачот – донатор“! Да, да!.. Така е докторе... Токму така!.. Однадвор... сè однадвор е докторе! Се монструозно стокмено... за окциденталниот профит!

КИРИЛ

(И понатаму во обид да и помогне) Знаеме, сè знаеме госпоѓице! Не напрегнувајте се!..

НОВИНАРКАТА

Прекрасни луѓе... Прекрасни луѓе сте вие!.. Македонци... Турци... сите... сите! И меѓу Албанците има добри луѓе... кои не го сакаат ова однадвор, но ги навлекоа! А толку убаво можете да си живеете!

РАМЧО

(Благо подбивно) Можеби, но кога не би било околу нас сè еден голем бизнис!

НОВИНАРКАТА

(Низ болна насмевка) И да се зема само најсаканото... највкусното... и најубавото! И без капка сопствена крв! (Со болка на лицето) Заблуда, тешка заблуда! Еве... (Покажувајќи со раката на крвавата рана) тоа е вистина! Во бизнисот со туѓа крв и сопствената се пролева.

КИРИЛ

(Отпрвин тивко, потоа сè погласно завивање на сирени) Не напрегајте се госпоѓице! Пристигнува возилото за брза помош!

ПОЛИЦАЕЦОТ

И полициската доаѓа!

НОВИНАРКАТА

(Изнасилено низ болка) Писмото!.. Земете го писмото од Оџата! Земете го! Не дозволувајте да падне во рацете на терористите! Софистицирано... оружје и опрема...

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Го зема писмото од џебот на Оџата и чита) Оф, оф, оф! Стотици и стотици парчиња... како можело да премине сè ова преку граница? Со шлепер?

НОВИНАРКАТА

Не, не! На коњи и маски... преку Албанија... Косово! Помогнаа... албанските полицајци... и... косовскиот заштитен корпус! Веднаш... веднаш запленете го! Простете ми... ве молам, простете ми... во заблуда... бизнисот... профитот... ах... (Издивнува. Молк.)

КИРИЛ

(Истиот миг пристигнуваат полициското и болничкото возило. Кон лекарот и болничарот) Мртви се! И Тројцата! (Ги пренесуваат еден по еден во амбулантното возило. Кирил со вкочанет поглед врз труповите.)

ПОЛИЦАЕЦОТ

(Кон Кирил и Рамчо) Ве молам... ќе мора да појдеме во полицијата! (Гледајќи го Кирила потона во занес) Господине докторе, ве молам...

КИРИЛ

(Соземајќи се) Оф! Простете, господине полицаец! Само момент! Го гледам профитот од окциденталниот бизнис! (Поаѓаат и излегуваат сите заедно од сцената.)

***Крај***

## НАМЕСТО ПОГОВОР

Ристо Тодоров и со најновиот драмски текст "Опстанок" ни ја приопштува сета сериозност и консеквентност во изборот на тематската определба, насочувајќи го творечкиот енергенс кон продлабочено отсликување на случувањата во татковината, со сите нагласени нијанси и особености на тегобните пулсирања низ катадениците, на чија сцена, сакале нис или не, и самите сме актери со специфични ролји. Но, тоа го прави зрело, култивирано, соодветно на своите зрели години од животот коишто ги изврвел. И, затоа велиме дека пред нас веќе е еден зрел драмски творец, творец кој чекори низ книжевните врвици мошне сигурно со веројатно најкомплексниот книжевен род - драмата.

Во една единствена сцена, на еден мошне рафиниран начин, авторот ни дава една секвенца од најновото македонско драматично време. Современите состојби и македонско-албанските меѓуетнички односи ги дава авторот така јасно, како на тепсија зрна за требење.. Сцената започнува со дијалогот меѓу продавачот Богдан од Бит Пазар (тоа македонско средиште на опстојбата во градот Скопје, и Селим, купувачот каде првиот вели дека е "Од Господа создаден да си ја чува дедовштината и лозата и опстанокот" тврдејќи дека има и син и внуче на кои ќе им остави се. а овој вториот дека не му треба македонски (се мисли на јазикот) зашто има албански. И во една таква секвенца, напната, емотивна, би рекле дури и жестока, започнува да се гради единствената македонска сцена. Кон неа се надоврзува секвенцата од дијалогот на Кирил и Рамчо, а кој се однесува за војничката капа со двоглавиот орел и натписот "УЧК" и "ОНА". Авторот мошне префинето ги внесува новите ликови на сцената и преку живниот дијалог ја гради и надоградува севкупната сцена.. Така постепено се гради сцената, поточно нејзиниот мозаик, разоткривајќи го

"големоалбанскиот театар на апсурдот" кој ја опфаќа и Македонија во големо Косово. А тоа е веќе комичното во текстот, кое секој и не би го доживеал како комедија туку како трагедија на современата стварност во македонскиот простор. Тоа ни го разоткрива дијалогот на Рамчо и Кирила кои сериозна грижа грижат околу терористот капетан Ахмети од Косово и неговата напудреност, надуеност и ароганција. Така постапно авторот ни открива една мега идеја, мегаидеологија (во случајов албанска). И колку да ни изгледа фантазмагорична сцената што ја слика авторот во овој драмски текст, настаните од 2001 г. ја потврдуваат нејзината етика и стварност-прелеаната криза од Косово во Македонија, определбата на Европа и САД кон терористите и т.н. борци за етнички права, овде во текстот револуционери.

Драмскиот текст на авторот Ристо Тодоров е штотуку испилен од нашата денешна стварност. Тој мошне јасно ја дефинира истата слика со мошне јасни црти- контури, само наместа алузивно, без една нужна историска дистанца од настаните за кои говори текстот. Но, текстот е над политиканските настани кои ги разоткрива тој, со еден префинет творечки пристап, со рафиниран драмски говор...

Уште со поголема горчина се доживува драмската сцена која до кожа ја разоткрива нашата политичка стварност така што комичните сцени вистински делуваат трагично во стварноста. И веројатно поголемиот број на читатели така ќе го доживеат овој драмски текст кога ќе го читаат или евентуално следат на некоја театарска сцена.

Текстот е првенствено политички и првенствено уметнички, високо естетски. И, тука немаме речиси никакви забелешки. Тоа не е текст - помодар туку политички драмски текст кој совршено ја насликал нашата македонска стварност кому ништо не може да му се одземе, кому ништо не треба да му се додаде. Та така едноставно авторот ја насликал Македонија во 2001 г.! Едноставно тој создал драматуршки текст, за едно драматично време, за една грда македонска драматика. И, насловот на текстот е едноставно д р а м а т с к и д р а м а т и ч е н! (Полицаецот го убива Селим кој вади пиштол и сака да пука кон Кирила, но и оцата кој се обидува да го убие него, а еден куршум ја погодува новинарката која во смртниот час

едноставно признава дека е платен новинар и дека на оџата му предава писмо за пристигнување на софистицирано оружје за терористите од Албанија). Можеби некој ќе насети овде и сарказам, и сатира, но, сето тоа е првенствено разголување на нашата политичка стварност, нашата вистина, која за жал продолжува да трае и по 2001 г., а тоа е "големоалбанското лудило". Тоа јасно го означува авторот (тој говори за Арачиново, Рамковниот договор, раселените Македонци, Срби, Роми, Турци, европскиот диктат на македонските политички опстојби). Авторот во текстот на едно место ја изречува и следната жестока мисла "Македонија никогаш ја немала среќата да остане барем за миг заборавена во жестокото око на трагедии!"

Овој драмски текст ја начнува темата за големоалбанскиот синдром и подлоста на Европа. Но и метаморфозата на човековата личност (Селим станува националист и покрај фактот што целото семејство му го отепале балистите 1944 г., а над 50 г. е побратим со Кирила, но и оџата кој е во "одбрана" на правата на Албанците).

Авторот ја познава театарската сцена и театарскиот израз и јазик и суверено го држи вниманието на читателот (во случајов). Тој совршено ги мести малиот број ликови на театарската сцена.

И прекрасно би било кога на овој текст веќе кога ќе го чита читателот да гледа како на хумористично- сатиричен текст, како на комедија и сцена која единствено само ќе насмејува и засмејува. Уште повеќе кога истиот ќе го гледа поставен на сцена, иако сега гледаме на истиот како на текст кој емотивно предизвикува, кој опоменува. Кон сето тоа мошне јасно посочуваат и имињата на ликовите (Ахмети, Џафери, Монета Олбрајт- американ- ската новинарка, која и во војната и во жртвите од неа гледа само како на бизнис).

Тодор Мицов

Издавањето на книгата финансиски делумно го овожможија:

"Агропротект" - Струмица

Гифи шоп "Хилијадис" - Струмица

Спортска кладилница "Џордан" - Струмица

ГТД "Изградба" - Струмица

ДПТУ "Навипром" - Струмица

ДООЕЛ "Дино-компани" - Струмица

ДСТТУ "Никола Карев" - Струмица

Супермаркет "Хоризонт" - Струмица

Пицерија "Бонџорно" - Стумица

"Ал-макс" - Струмица

Слободан Ќосев - љубител на литературата - Струмица

Столарска работилница "Нипром" - Струмица



Ристо Тодоров е роден 1943 година во Струмица. Основно образование завршил во родниот град, Учителско училиште во Штип, а филозовски факултет - група англиски јазик со литература и македонски јазик во Скопје. Работи како професор по англиски јазик во ДСТТУ "Никола Карев" - Струмица.

Досега ги има објавено збирките песни: Гулаб на мирот (1990) и Ѓерданчиња и ѕвончиња (1992) и драмите: Ножот (1995) и Молскавичен ѕвон (2001). Опстанок е неговата петта книжевна објава. Тодоров се појави пред јавноста и како мошне успешен преведувач, и тоа подеднакво од англиското на македонското и од македонското на англиското литературно подрачје.

Добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои и на признанието од УСИС (Американската информативна служба) како солиден професор во предавањето на англискиот јазик. Во 1998 година во Приморско - Р. Бугарија, бил претставник од Македонија на семинарот за формирање на мрежа на средни училишта од југоисточна Европа во организација на Советот на Европа.

ISBN 998962352-X
9789989623523